**Информации од деканот за комуникација на студентите со административните служби на факултетот**

Почитувани колеги студенти,

Заради спроведување мерки за превенирање на распространување на новиот коронавирус и на болеста Covid-19, ве известувам дека административнте служби (студентски прашања, библиотека, сметководство, архива и правна служба) на ХЕФ, во претстојниот период ќе работат со ограничен капацитет, односно намалено присуство на односниот персонал во просториите на факултетот.

За сите ваши потреби (документи, информации, барања) молам да користите е-мејл и телефонска комуникација со службите, пред да се упатите на факултетот. Засега, службите ќе бидат на факултетот во понеделник, среда и петок, но и тие термини може набрзо да бидат редуцирани.

Оттаму, заради остварување на подобри услуги за вас и за ваши потреби, молам за соработка и за разбирање.

Онаму каде ќе биде возможно, службите ќе се обидат да ги реализираат вашите барања по електронски пат, односно без воопшто да доаѓате на факултетот. За да се оствари тоа, од наша страна ќе инсистираме да бидете спремни да доставите коректни електронски копии на документи, уплатници, барања и слично.

За секакви релеватни измени на овие информации, и за други термини, доколку дојде до промени, ќе бидете навремено и соодветно известени преку вообичаените средства и платформи.

Благодарам на разбирањето.

Со почит,

проф. Сотировски

декан